# ЗА ШТИП
# ГАРАНТИРАМЕ

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сѐ ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сѐ што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



За да стигнеме далеку, мора да почнеме веднаш.

За да успееме во нешто, треба да работиме искрено, посветено и чесно.

За да манифестираме иднина каква што посакуваме, мора да креираме остварлива визија, која заедно со граѓаните на Општина Штип, тимски ќе ја реализираме!

Првата наша задача е да ја промениме секојдневната перцепција дека лошото е нешто на кое мора да се навикнеме и да живееме со тоа, а доброто е нешто кое им се случува само на граѓаните од европските општини. Постоечките егзистенцијални предизвици на граѓаните - се наш приоритет, затоа што веќе ги знаеме и насочувајќки ја енергијата кон нивно решавање, со разработен план за конкретни резултати, ќе ги поставиме темелите на новиот начин на размислување на граѓаните на Општина Штип.

Нашиот град има потенцијал за силен и стабилен економски напредок, кој ќе биде структуриран на основа на стратешка соработка меѓу клучните актери во оваа област. Базирајќи се на овие ефикасни начела за иновативен пристап во креирање на економските политики на локално ниво, ќе успееме да станеме дел од семејството на докажани општини, кои апсорбирајќи ги сите микро ресурси, креираат мрежа од позитивни искуства, резултати и развој во клучните сфери. Придобивките од задржувањето на граѓаните, отворањето работни места и освојувањето нови пазари за компании, производи и услуги ќе се почувствуваат во секоја област, кое ќе ја унапреди желбата за младите да останат во овој

град и својот личен потенцијал максимално да го насочат во родното место на живеење.

Амбицијата да имаме развиен град, насочен кон бизнис секторот и благосостојбата на граѓаните е чекор напред кон создавање на адаптибилна урбана средина, во која основните принципи за планирање, ќе бидат засновани на принципиелност, законски обврски, транспарентно одлучување и задоволување на социјалниот и хуман аспект на градското живеење. Ние сме должни да одговориме на барањата на секој граѓанин, затоа што како локална самоуправа само менаџираме, а не располагаме со народните пари, и со тоа нашата одговорност е огромна, нашата транспарентност ќе биде секојдневна, а нашата визија за успешен град - најсветла водилка во остварување на секој замислен проект.

Новиот и свеж пристап во јавните политики, ќе биде основна алатка за промена на свеста на граѓаните. Учествувајќи во процесот на донесување одлуки, давајќи придонес за подобрување на градот во кој живеат преку користење на новите технологии, заедницата ќе биде инклузивен елемент во креирање на јавните политики, кои ќе бидат единствено од граѓански интерес. Нашиот град ќе прерасне во нешто кое не сме го никогаш замислувале, затоа што ќе почне позитивно да одговара на институционалните, социјалните и инфраструктурните потреби на граѓаните.

Јас верувам дека постои желба, кај мене лично постои мотивација и визија, кои се добра основа за работа, а со посветеност, лојалност кон изборот на гласачите, истрајност при остварување на ветувањата, љубов во извршувањето на секојдневните задачи и активна заложба во задоволувањето на потребите на секој сограѓанин, ќе направиме нашиот Штип да биде број еден општина во Македонија.

Ваш,

Иван Јорданов

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА ШТИП

**ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите луѓе.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 ќе се заложиме за:

- Воспоставување на механизми и алатки за унапредена инклузивност и вклученост на граѓаните во работата на општината, непречено консултирање преку веќе воспоставените механизми (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани, јавни форуми и дебати) и преку користење на е-алатки, како и поголемо информирање на граѓаните преку активна транспарентност и објавување на сите информации на веб страницата и социјалните медиуми;
- Јакнење на капацитетот на администрацијата, јавните претпријатија и институциите за соработка со граѓанскиот сектор и граѓаните, воспоставување механизам за соработка и финансиска поддршка за проекти на здруженијата на граѓани и обезбедување на социјална/меѓуетничка кохезија особено меѓу младите преку спроведување заеднички активности; континуирана соработка со бизнис секторот во поглед на редовни состаноци, реализација на нивни идеи и бизнис планови;
- Воспоставување редовна практика на мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги преку анкети;
- Длабинска анализа на капацитетите на вработените во општината, институциите и јавните претпријатија за управување со јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетите;
- Целосна интегрална внатрешна контрола и ревизија на јавните средства;
- Понатамошно унапредување на фискалната транспарентност и инклузивност на процесот на буџетирање и креирање на општинските годишни програми и стратегии.;

Во својата Програма која ја поделивме на неколку поглавја, **ВМРО-ДПМНЕ** за Општина Штип ќе вложи огромен труд, средства и човечки и интелектуален капацитет за развој на сите овие компоненти.

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА БУЛ. ПАРТИЗАНСКА

Продолжување на бул. Партизанска е клучен проект за нашиот мандат, затоа што ќе го олесни животот на граѓаните во едни од најбројните населби во нашата општина.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ИЗГРАДБА НА ОБИКОЛНИЦА ОД БУЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ДО НОВО СЕЛО, ПРЕКУ НАС. ПРЕБЕГ.

Изградбата на оваа обиколница ќе го редуцира сообраќајот низ градот, ќе го намали ризикот од уништување на културното наследство и ќе ја зголеми безбедноста на децата и младите кои транзитираат на опасните сообраќајници.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ДИГИТАЛНА ОПШТИНА НА НОВОТО ВРЕМЕ

Се обврзуваме да воведеме дигитализација, преку развивање и примена на модерни апликативни софтверски решенија за поефикасно функционирање на општината. Интенција ќе биде до 2024 година општината да прерасне во ИТ општина достапна за сите граѓани, во секое време со цел обезбедување на ефикасни и квалитетни јавни услуги.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ОПШТИНСКИ ИНВЕСТИЦИСКИ И ИНОВАЦИСКИ ФОНД

Создавање на општински инвестициски и иновациски фонд за млади претприемачи. Целта на овој фонд е обезбедување на финансиска поддршка на млади претприемачи и старт-ап компании во реализирање на иновативни бизнис идеи. Овој фонд ќе биде менаџиран во стратешко партнерство помеѓу општината, Универзитетот „Гоце Делчев“ и бизнис секторот во Штип и истиот ќе поддржува иновативни идеи на млади луѓе и проекти кои ќе таргетираат одредени локални прашања. Дополнително, општината во соработка со Универзитетот ќе поддржи отворање на бизнис инкубатор кој ќе го поттикнува претприемништвото и ќе им овозможи поволни услови на младите за започнување на сопствен

бизнис. На тој начин ќе овозможи повеќе млади луѓе по завршување на своето образование да останат во градот и својот потенцијал да го стават во функција на негово развивање. Истовремено, овој проект ќе ги мотивира професорите на Универзитетот заедно со своите студенти да работат на решавање на некои локални прашања.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови, Бизнис сектор;

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА

Паралелно со пешачката патека, ќе се изгради велосипедска патека, која ќе овозможи слободно движење и на пешаците, и на велосипедистите, а ќе извршиме нејзино оплеменување со спортски содржини, детски игралишта и урбана опрема.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА МОНТАЖНИ КАТНИ ГАРАЖИ:

Граѓаните на Општина Штип позади Домот на културата и кај постоечкиот паркинг простор кај „Нама“ ќе добијат дополнителен број на паркинг места во централното градско подрачје, со кои ќе се олесни секојдневниот начин на живот.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ДЕТСКА ГРАДИНКА ЗА ЖИТЕЛИТЕ ОД ТРИ ЧЕШМИ, БАЛКАНСКА, ЧАРДАКЛИЈА, ЖЕЛЕЗНИЧКА И ПРЕБЕГ

Ќе го решиме проблемот на голем број родители од набројаните населби, преку адаптација на простор, уредување и обезбедување услови за детска градинка во нас. Железничка, која ќе обезбеди социјално детство за најмладите членови на заедницата.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ДЕТСКИ ЦЕНТАР СО ПЛОШТАД, КАФУЛИЊА, ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА, СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА

Најмладите наши граѓани немаат место каде детето ќе биде на пиедесталот и сите содржини би биле адаптирани за детските по-

треби. Затоа, во фокусот на нашата програма е Детски центар кој ќе изобилува со содржини наменети за децата и родителите. Овој центар ќе биде на фреквентната пешачка патека, каде идните генерации ќе креираат спомени вредни за сеќавање.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, бизнис сектор;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ОГРОМЕН ГРАДСКИ ПАРК СО ЕЗЕРА, МЕСТА ЗА СПОРТУВАЊЕ И ОДМОР КАЈ МИРЈАНИНА ЦРКВА И КОНЕЧНО РЕШАВАЊЕ НА ДИВАТА ДЕПОНИЈА

Ова е клучен проект, со кој ќе влијаеме врз животната средина, економската состојба на граѓаните во социјален ризик и социјалниот живот на граѓаните на Општина Штип. Месноста кај Мирјанина црква е познат по огромните диви депонии и сечата на дрва кои настануваат како резултат на несовесност на граѓаните или пак нивниот социјален статус издиктирал таков вид на однесување. Затоа уште во првите 2 години од овој мандат, ќе создаделе парк за спортување, релаксација и одмор, кој ќе изобилува со урбана опрема и бројни содржини. Паркот ќе го чува месното население, преку негово ангажирање во јавните претпријатија.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, бизнис сектор;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## GREEN APP

Ќе ја користиме модерната технологија за да обезбедиме почист град. Секоја пријава на отпад, селекција на отпад, вклучување во еко акција, навремено плаќање на сметки за вода, данок и слично ќе биде наградено со бодови, кои ќе ја намалат сметката за комуналии кон ЈП Исар, но и попуст во одредени маркети. Со тоа ќе се зајакне економијата, ќе се мотивираат да ги плаќаат навреме сметките, а и ќе се влијае позитивно на животната средина.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## УРЕДУВАЊЕ НА ПАРК СО СПОРТСКИ СОДРЖИНИ И ФОНТАНА ВО НАС. БАБИ

Во најголемата и најбрзо растечка населба во градот, ќе ги подобриме условите во постоечкиот парк и ќе ги унапредиме детските игралишта со дополнителни содржини.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.





# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА СИТЕ ЛУЃЕ

## 3.1. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

Ние, локалната економија, унапредувањето на работните места и квалитетот на животот ги разгледуваме како централни прашања во јавната политика и затоа нудиме можности за вмрежување, промоција на партнерства, синергии и можности. Нашата визија е Штип да стане познат како град на традиција, иновации и големи инвестиции. Општина Штип ќе инвестира во стратегија за привлекување компании, отворање работни места и поттикнување на иновации, со цел да се промовира диверзификација на локалната економија и социо-економски развој, прилагодени на динамиката на сегашната економија обележана со глобализација и дигитализација. Нашата визија е да го олесниме задржувањето на луѓето, отворањето работни места и освојувањето нови пазари за компании, производи и услуги. Штип ќе стане двигател на економски иновации, кои ќе претставуваат збир на вештини и услуги. Ќе ги користиме локалните капацитети за промоција и ќе овозможиме нивна употреба за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните.

## 3.2. ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

### ➤ ИНВЕСТИЦИСКО МАПИРАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ОПШТИНА ШТИП

Детално мапирање на локации за домашни и странски инвестиции, индустриски зони и изготвување на стратегија и општински електронски водич за инвеститорите во нашата општина. Овој проект ќе овозможи привлекување на нови домашни и странски инвестиции, кои ќе креираат нови работни места и ќе придонесат за подобрување на животниот стандард на нашите граѓани. Ќе ја направиме општината најатрактивно место за инвестирање во целиот регион.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ЛОКАЛЕН СОЦИЈАЛНО-ЕКОНОМСКИ СОВЕТ

Ова клучно советодавно тело за економски развој на градот, целосно ќе се реконструира и во него ќе членуваат сопственици на компании, универзитетски проефесори, директори и менаџери кои се препознатливи по нивниот успех и иновација. Истите, во соработка со Агенцијата за вработување, стручните средни училишта, Локалната самоуправа, невладиниот сектор и други заинтересирани страни, ќе креираат јавни политики од интерес на сите граѓани и компании.

### УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА НА ОПШТИНИТЕ

Одделението за ЛЕР во ЛС има потенцијал да прерасне во Сектор за евроинтеграции и локален економски развој, преку кое ќе се вмрежат општините од државата и регионот и ќе се создадат услови со специјализирани и едуцирани кадри, кои ќе бидат подготвени за самостојно и заедничко аплицирање пред достапните европски фондови. Крајната цел е да се зајакнат човечките капацитети на Општината за целосно искористување на сите можности за користење на евроспки фондови со цел побрз економски развој на градот.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## 3.3. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС И ПОДДРШКА НА МСП

### ПРОШИРУВАЊЕ НА БИЗНИСОТ ВО ПОМАЛИТЕ ОПШТИНИ

За да има поголем избор на работни места, ќе им понудиме на компаниите простории за сместување на нивните канцеларии по поволни цени, при што ќе се намали бројот на компании во големите градови и ќе се насочат кон нашиот град, со што ќе се обезбеди на младите жители да имаат можност за вработување.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2023 година.

### НЕФОРМАЛНА ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИ

Ќе креираме школа за ИКТ вештини, во која младите во рок од една година ќе се обучуваат за настап на пазарот на труд во областа на дигиталните технологии. Школата ќе функционира во вид на кредитирање и доколку во рок од една година учесникот не успее да најде работа, нема обврска за враќање на средствата инвестирани во неговата едукација. Во спротивно, месечно ќе врши поврат на средствата и ќе овозможи обучување на нови генерации млади лица.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип ;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## 3.4. ПОДДРШКА НА МАЛИТЕ ЛОКАЛНИ БИЗНИСИ

### МОТИВИРАЊЕ НА ЛИЦА И КОМПАНИИ, ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО ВО НОВО СЕЛО

Ќе обезбедиме услови за сите кои ќе покажат интерес и ќе работат за економско јакнење на Штип, преку искористување на културното наследство во нашиот град.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2024 година.

### МОТИВИРАЊЕ НА КОМПАНИИ, ЗА РАЗВОЈ НА УГОСТИТЕЛСТВОТО НА КЕЈ НА Р.БРЕГАЛНИЦА

Следејќи ги примерите на други помали градови во регионот, кои ја искористиле речната клима, за создавање угостителски објекти и креирање на бизниси, ќе помогнеме на лица со креативен потенцијал да го развијат бизнисот, а во исто време да го унапредат изгледот покрај кејот на реката.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип и Бизнис сектор;

**Рок на реализација:** 2023 година.



# 4. ДИГИТАЛНА ОПШТИНАТА - СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ!

Технологијата помага да се постигнат низа цели, за подобро функционирање на заедницата, а во исто време да се намали губењето на ресурси на микро ниво. Општините низ целиот свет експериментираат со широк спектар на паметни технологии, кои се фокусирани во решавање на реални проблеми и даваат можности што имаат смисла за сите граѓани. Штип ќе се стреми да стане паметен град, затоа што целта е да им се обезбедат на луѓето најдобри решенија за нивните секојдневни потреби. Овој концепт се фокусира на одржливост, заштеда на ресурси и обезбедување подобра иднина.

## 4.1. ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ И ДИГИТАЛНА ОПШТИНА

### OPEN DATA СИСТЕМ

Воведување на унифициран електронски систем за управување и следење на документи од страна на надлежните и странките (граѓаните), кој ќе овозможи потранспарентен пристап на следење на секој документ кој влегува во општинската архива и секој граѓанин ќе има увид кој документ, до која фаза и кај кој вработен се наоѓа.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ТВОЈОТ ДОКУМЕНТ – НАША РАБОТА!

Електронско поврзување на сите јавни институции на локално ниво во еден шалтер, со цел издавање на документи од истиот и дистрибуција до странките во предвидените законски рокови.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## И ТИ СИ ДЕЛ ОД ПРОЦЕСОТ!

Креирање унифициран ВЕБ ПОРТАЛ за транспарентно управување, со максимално учество на граѓаните во креирањето на буџетите и програмата на ЛС во секоја фаза. Со ова ќе се обезбеди Општина Штип да прерасне во вистинска граѓанска општина.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## УРБАНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ СО ПРАВО НА МИСЛЕЊЕ!

Ќе се креира Совет на Урбани и Месни заедници, кој ќе биде составен од претседатели на истите, кои со симболичен месечен надоместок ќе ја извршуваат својата функција, а секаде каде што има недостаток ќе се обезбедат простории за функционирање.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

Реконструкција на сала за Совет и зголемување на транспарентноста кон граѓаните, преку софистициран пренос на седниците на Советот.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 5. УРБАНА ИНФРАСТУКТУРА, ЗА ПОКВАЛИТЕТЕН ЖИВОТ!

Развојот на урбаната инфраструктура е темел на секоја општина и е неопходен клуч за обезбедување основни услуги за граѓаните како транспорт, регионално поврзување, креативни решенија за поквалитетен урбан живот и обезбедување практични услови за социјален развој. Со соодветен и планиран развој на урбаната инфраструктура, преку промена на Генералниот и Деталните урбанистички планови, ќе овозможиме жителите да уживаат подобри услови, живеат поздраво, а градот стратешки да се развива во посакуваниот правец. Ние ќе инвестираме во развојот на урбаната инфраструктура, за да обезбедиме подобар животен стандард на луѓето, додека истовремено иновираме со стандардите за напредок на модерната инфраструктура. Воедно, на секој граѓанин ќе му обезбедиме сигурност при секојдневното функционирање на неговата улица, преку воспоставување на најнеопходна опрема во вид на потпорни ѕидови, заштитни огради, функционални скали и сл.

## 5.1. РЕГИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРНА ПОВРЗАНОСТ

### ИЗГРАДБА НА ПАТИШТА ДО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Ќе обезбедиме полесен пристап до руралните средини и преку изградбата на овие патишта, ќе направиме селата да добијат поинтензивна посетеност од страна на штипјани:

- До селото Љуботен преку нас. Деснаци;
- Од Новакова чешма, до село Долани;
- Од Пиперово, до село Гарван;
- Од село Чифлик, преку селата Долани и Липов дол до Суитлак ;
- Продолжување на патот до село Почивало;
- Крак до село Кошево;

- Крак до село Калапетровци;
- Од село Суво Грло, до село Степанци;
- Од Село Горачино, до село Танатарци;
- Од село Сушево, до село Доброшани ;
- Од село Софилари, до село Пенуш ;
- До село Пухче;

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## 5.2. УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА

Општина Штип има оврска да ги уреди улиците во Штип, за граѓаните да имаат непречен пристап до нивните домови.

Ќе ги асфалтираме улиците: „11 Октомври“, „Скопска“, „Солидарност“, „Астибо“, „Широк Дол“,„ Браќа Даневи“, „Антон Панов“, „Никола Коперник“, „Руен“, „Страшо Пинџур“, „Првомајска“, „Корушка“, „Добре Радославлев“, „4ти Јули“, „8 Април“, „Тодор Чучков“ до ул. „Пиринска“, краци на улиците „Цветан Димов“, „Личка“, „Васил Доганџиски“, „Мирче Ацев“, „Пиринска“, „Кочанска“, до гробиштата во Три Чешми, улиците во населба Балканска, Пребег, Драгоево, ќе извршиме реконструкција на главна крстосница во нас. Баби, предвидуваме изведба на нова улица со паркинг места, над ул. „Бел Камен“ во должина од 300 метри, асфалтирање споредни улици и патот до манастирот Св „Илија“ во Чардаклија, проширување и асфалтирање на улици во населбата Железничка, промена на сообраќаен режим на улиците „Сремска“ и „Солунска“ и многу други улици.

Соодветно ќе ги уредиме улиците: „Кежовица“, „Никола Карев“, „9 Мај“, улиците во месноста Каваклија, во индустрискиот дел на населба Пребег, улиците во населба Исар и сакаде каде што има потреба од тоа.

А ќе ги поплочиме улиците во Ново Село и кон Исарот, за да го комплетираме изгледот на историското наследство во нашиот град, ќе овозможиме полесен пристап со мост од Ново Село кон пешачката патека, ќе ги поврземе улиците „Цвета Јованова“ со „Плачковички Одреди“, ќе ја реконструираме улицата „Ванчо Китанов“ и ќе ги поврземе улиците „Панче Караѓозов“ и „Дуго Село“ со скали.

Граѓаните веќе ќе можат слободно да пешачат од Ново Село до Градските гробишта, околу месноста Суитлак, а пешаците ќе

можат непречено да се движат по тротоари на улиците: „Широк Дол“, „Плачковички одреди“, „Солидарност“, „Сутјеска“, „Лески“, „Скопска“,„ Никола Коперник“,„ Васил Доганџиски“, „Анте Банина“, „Џемал Биједиќ“, „Сремски фронт“, од ул. „Митко Недев“ до градинка Виножито, по тротоарите во населбата Дузлак, во населбата Железничка, блок 77, Пребег, ќе обезбедиме тротоар со осветлување на потегот помеѓу населбите Чардаклија и Балканска, а ќе се заложиме за отстранување на дивоизградени објекти градби што се на тротоарот на Радански пат и на други локации во градот.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## БАЊА КЕЖОВИЦА, ИЗВОР НА ЗДРАВЈЕ!

Ќе ја реконструираме нашата бања и ќе овозможиме секој посетител во нашата Кежовица да има пријатно искуство, следејќи ги традициите на постарите генерации, а до неа ќе биде изграден огромен парк за одмор и рекреација.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИЗГРАДБА НА ДОСТОИНСТВЕНО МЕСТО ЗА ПРЕСТОЈ НА УЛИЧНИ ЖИВОТНИ

Во соработка со Здруженијата за заштита на животните, ќе извршиме унапредување на условите во постоечкиот стационар и ќе создадеме достоинствени услови за заловување, третман и чување на уличните животни.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА

Животните заслужуваат хумани и достоинствени услови за живот, а децата имаат потреба од катче каде ќе се забавуваат и ќе се едуцираат за животинските видови. Затоа, Зоолошката градина е на високо место во нашата програма и во наредниот период максимално ќе се посветиме на подобрување на условите во постоечките капацитети.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

### УРЕДУВАЊЕ НА ВЛИВОТ НА РЕКА ОТИЊА, ВО РЕКА БРЕГАЛНИЦА

Ова место ќе го добие заслужениот репрезентативен изглед, кој требаше да го има уште многу одамна. Ќе создадеме место кое ќе биде уживање за сите штипјани и безбедно ќе го поврзува Ново Село со пешачката патека.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА

Пожарникарите, како чувари на имотот на граѓаните и државата, имаат право да работат во современи и достоинствени услови. Затоа предвидуваме реконструкција на објектот каде секојдневно престојуваат вработените во противпожарната единица.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2024 година.

## 5.3. ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ

### ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ЗА СИТЕ ДЕЦА

Ќе создадеме незаборавно детство за сите деца, независно од нивната финансиска, социјална или здравствена состојба. Сите деца во Штип имаат еднакво право на раст и развој и ние како локална самоуправа ќе им обезбедиме инклузивни игралишта со кои ќе влијаеме позитивен психо -физички раст и развој на децата.

Нашата цел ќе биде да обезбедиме детски игралишта во: Ново Село, Дузлачки рид, Три Чешми, Балканска, Чардаклија, Автокоманда, Железничка, Македонка, Баби, кај Промаја, во 8ми Ноември помеѓу зградите, кај СОУ „Јане Сандански“, на улиците:„ Димо Хаџи Димов“, „Васил Доганџиски“, „Пиринска“, „Сремски Фронт“, „Ванчо Китанов“,„ Борис Крајгер“, „Митко Недев“ и во многу други населби и улици.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА И ГЕРИЈАТАРСКИ ЦЕНТАР ЗА ПОДВИЖНИ И НЕПОДВИЖНИ ЛИЦА

Штип и околината имаат околу 11.000 пензионери, од кои 30% не се во состојба само да се грижат за себе. Изградбата на Дом за стари лица и Геријатриски центар е едно од најклучните прашања со кои треба да се занимава идната Локална самоуправа.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## РЕГИОНАЛЕН РЕХАБИЛИТАЦИОНЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА И ВОЗРАСНИ СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Во соработка со здруженијата на граѓани кои ги застапуваат правата на лицата со интелектуална попреченост, ќе направиме напори за изградба на регионален центар во кој ќе се унапреди благосостојбата на граѓаните со специфични потреби.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО НАС. БАБИ СО ДОГРАДБА НА ДВЕ НОВИ ПРОСТОРИИ

Населбата Баби е една од најбрзорастечките населени места во Општина Штип. Децата заслужуваат поголеми капацитети и можност за социјализација уште од најрана возраст. Затоа, предвидуваме зголемување на бројот на занимални во градинката Бамби во населба Баби, кое ќе помогне на многу родители да обезбедат здрав психо-физички раст и развој на нивните деца.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2024 година.



# 6. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ ДЕЦА И МЛАДИ

Образованието е моќна алатка за промени и подобрување на здравјето и егзистенцијата, придонесува за социјална стабилност и поттикнува долгорочен економски раст. Образованието како социјална институција е широко позиционирано како корисно и за поединците и за општеството во целина. Затоа, во секое училиште во нашата општина ќе создадеме примамливи средини за учениците и наставниците, каде поминатото време ќе се вреднува високо во дневната агенда.

## 6.1. МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ

### ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

#### ООУ „ВАНЧО ПРКЕ“

- изработка на термо фасада,
- подобрување на условите за парно греење.

#### ООУ „СЛАВЕЈКО АРСОВ“

- Уредување на просторот околу училишната спортска сала и изградба на училиштен спортски терен,
- Доградба на 5 училници во ООУ „Славејко Арсов“ и нов влез во училиштето.

#### ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

- уредување на спортски полигон со нова современа подлога,
- надградба на кат над спортската сала, со цел зајакнување на просторните капацитети на училиштето.

### ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“

- Промена на кровна конструкција и кров,
- промена на постоечки прозорци.

### ООУ „ТОШО АРСОВ“

- реновирање на системот за парно греење во училиштето-замена со поекономичен и еколошки начин на затоплување;

## СРЕДНИ УЧИЛИШТА

### СОУ „ДИМИТАР МИРАСЧИЕВ“

- промена на електрична инсталација,
- термо фасада на училиштето,
- нови влезни врати,
- спортско игралиште во задниот двор.

### СОУ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“

- промена на кров,
- промена на постоечки прозорци и врати.

### СОУ „КОЛЕ НЕХТЕНИН“

- целосна промена на осветлувањето со лед светилки,
- изградба на повеќенаменски Спортски центар на отворено(игралиште за ракомет и мал фудбал, кошарка и одбојка).

## 6.2. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

### НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА

Нашите ученици располагаат со потенцијал, кој сме должни како општество да го наградуваме и мотивираме да расте. Се обврзуваме да ги наградиме сите оние ученици, кои ги закитиле училишните сталажи со награди и да им обезбедиме понатамошен развој на нивниот талент.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип,

**Рок на реализација:** континуирано.

### НАБАВКА НА НОВИ КОМПЈУТЕРИ / ТАБЛЕТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Со пандемијата Ковид-19 сфативме дека комуникацијата преку интернет може понекогаш да биде единствена алатка за учење и социјализација на учениците. Затоа сме должни, за секое дете да обезбедиме техничка алатка преку која не само што ќе се следи наставата, туку и ќе се изработуваат проектните задачи за во училиште.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, бизнис сектор;

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ЗДРАВ ОБРОК ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

Воведување и субвенционирање на здрава исхрана за учениците од прво до деветто одделение со ангажирање на експертиза од нутриционист, со цел да се создадат добри навики кај децата и да се заштити нивното здравје.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2023 година.

### УНИФОРМИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Со цел да се намалат разликите меѓу децата и фокусот да биде насочен кон воспитно - образовниот процес, општината ќе обезбеди униформи за сите ученици од основното образование во Општина Штип.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, бизнис сектор;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## 6.3. ИНВЕСТИЦИИ ВО НАСТАВНИОТ КАДАР

### НАБАВКА НА НОВИ КОМПЈУТЕРИ/ ЛАПТОПИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ

Наставниците не заслужуваат да ја користат својата лична техничка опрема за службени цел. Ние како локална самоуправа сме должни да им обезбедиме пристојни услови на оние кои го посветуваат целиот живот на едукација на нашата младина.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2023 година.

### НАБАВКА НА ПРОЕКТОРИ ЗА СЕКОЈА УЧИЛНИЦА

Во 21 век кога технологијата бележи нагорна линија на напредок, доколку сакаме учениците да бидат подготвени за модерните текови на пазарот на трудот, должни сме да им создадеме современи услови за следење на наставата, преку набавка на проектори.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ОПРЕМУВАЊЕ НА УЧИЛНИЦИ СО СМАРТ ТАБЛИ

Ако во западните земји смарт таблите се неизоставен дел од наставниот процес, кај нас учениците заслужуваат барем по неколку вакви табли во секое училиште, преку кои ќе ги согледаат позитивните придобивки на технологијата во текот на учењето.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип,

**Рок на реализација:** 2023 година.

## 6.4. МЛАДИТЕ СЕ НАШАТА ИДНИНА

Развојот на младински политики на локално ниво мора да има стратешки пристап, со фокус на практики за вклучување на цели заедници во помагање на сите млади да напредуваат. За да бидеме успешни во тоа што го правиме, нашите проекти ќе се базираат на традиционални пристапи за младинско учество, со воведување на долгорочни, системски стратегии за негување квалитети и особини кај младите луѓе, преку создавање средини што ги поддржуваат нивните развојни потреби и капацитети. Ние веруваме дека младите луѓе напредуваат во развојот кога се поддржани од сите сектори на заедницата - училиштата, младинските центри, младинските организации, заедницата и семејствата, бизнис заедницата.

Бидејќи младите луѓе честопати се отворени и подготвени да преземат ризици, тие имаат голем потенцијал да излезат „надвор од кутијата„ со иновативни идеи. Затоа, ќе им дадеме можност со нас да обликуваат политики и програми и заеднички да чекориме заедно кон нашата иднина.

### АНГАЖИРАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО ВОЛОНТЕРСКИ АКТИВНОСТИ СО ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ ВО ТЕКОТ НА ЛЕТНИОТ ПЕРИОД

Поучени од искуствата на европските градови, со цел да ги направиме младите одговорни кон заедницата, а во исто време да го зголемиме нивото на продуктивност, ќе создадеме систем за

летен ангажман на младите, за помош при извршување на едноставни активности од значење за граѓаните.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Бизнис сектор;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГЛАСОТ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА ПОЗИЦИИТЕ НА СОВЕТ НА МЛАДИ

Совет на млади е клучно тело за креирање младински политики на територијата на една општина. Ставјаќи го на пиедесталот при унапредување на позициите на младите во Општина Штип, ќе овозможиме да се слушне гласот на секој млад човек и истиот да се инкорпорира во локалните програми и политики.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ОФОРМУВАЊЕ НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ВО ШТИП

Младите ќе бидат информирани за образовните и можностите за доедукација, како и вработување на младите во атрактивни за нив професии. Младинскиот центар е клучен за развој, едукација и вработување на младите. Центарот ќе биде на фрекфентна локација и истиот ќе дава услуги за сите млади кои се заинтересирани позитивно да влијаат на својата иднина.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## АДАПТАЦИЈА НА ДОМ НА МЛАДИ ЗА СЕКОЈДНЕВНО КОРИСТЕЊЕ ОД СТРАНА НА МЛАДИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНИ, КУЛТУРНИ И ЗАБАВНИ СОДРЖИНИ

Домот на младите ќе прерасне во место каде децата и младите од сите категории ќе го минуваат своето време, изучувајќи странски јазици, математика, информатика, ќе добиваат третмани од логопед и/или дефектолог, или ќе имаат социјални активности после завршување на часовите.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## КИНО ВО МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ЦЕНТАР И ПРОЕКЦИЈА НА ФИЛМОВИ НА ОТВОРЕНО

Поседувајќи просторни капацитети, ќе обезбедиме услови за успешно функционирање на кино репертоар, во кое децата и младите ќе имаат можност да погледнат проекција на филмско платно.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, бизнис сектор;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПОДДРШКА НА ФЕСТИВАЛИ ЗА МЛАДИ

Ќе обезбедиме просторни и логистични услови за развој на младинската забавна сцена и ќе дадеме нов шмек на младинското урбано живеење.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, бизнис сектор;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПОДДРШКА НА ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА

Недостатокот на детски фестивал, во продукција на општината создава гап во развојот на децата. Ќе продуцираме детска содржина од забавен карактер во склоп на фестивалот „Макфест", на која учество можат да земат децата од нашиот град и регионот.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, бизнис сектор;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПОДДРШКА И АФИРМАЦИЈА НА АСТИБО ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ

Ќе обезбедиме финансиски средства за збогатување на содржините на овој фестивал и ќе го зголемиме нивото на атрактивни содржини, за да добиеме поголема посетеност и визуелност.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, бизнис сектор;

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 7. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Креирањето политики за заштита од климатските промени и животната средина е важен сегмент за правилно функционирање на општеството, затоа што пред сè влијае врз нашето здравје.

Бидејќи нашата околина има клучна улога врз нашето здравје, благосостојба и квалитет на живеење, неопходно е да овозможиме правилен пристап при грижата за животната средина.

Чистата и безбедна средина е неопходна за напредок на општината. Затоа, имаме визија како преку интегриран пристап да го заштитиме здравјето на луѓето и да создадеме здрава животната средина.

## 7.1. ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПТ НА ЗЕЛЕНА И ЧИСТА ОПШТИНА

### ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ХИГИЕНА ВО ГРАДОТ

Локалната депонија во Штип ќе биде центар за секундарна селекција на корисни фракции од отпад, био ѓубриво и сл., како и соработка со овластени купувачи на селектирани фракции отпад. Мешаниот остаток ќе се транспортира во нов современ центар за управување со отпад надвор од општината.

**Начин на финансирање:** Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2025 година.

### ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА, СО КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ЗА ОТПАДНИ ВОДИ

Општина Штип ќе лобира за изградба на пречистителна станица, со колекторски систем по течението на река Брегалница, почнувајќи од населбата Стар Карорман, покрај Чардаклија, Балканска, Македонка, низ градот Штип и ќе заврши кај Калимерово.

**Начин на финансирање:** Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА МОДЕРЕН ОДДЕЛ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД ВО СКЛОП НА ГРАДСКА ДЕПОНИЈА И ОПРЕМА ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ НА ОТПАД ПО УРБАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Конечно, нашиот Штип ќе почне да личи на европски град во кој властите заедно со граѓаните, ќе вложат напори да вршат селекција на отпадот и негово соодветно одлагање.

**Начин на финансирање:** Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ СИСТЕМ ОД МЕРНИ СТАНИЦИ ЗА МЕРЕЊЕ КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХ И ЈАВНО ПРИКАЖУВАЊЕ НА ПАРАМЕТРИТЕ ВО РЕАЛНО ВРЕМЕ

Граѓаните заслужуваат да ја знаат моменталната состојба на воздухот кој го вдишуваат и затоа во нашата програма предвидуваме мерни станици, преку кои секој ќе има увид во количината на ПМ честичките на определени места во градот.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2024 година.

## КРЕИРАЊЕ НА CCTV СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ НА НАЈКРИТИЧНИТЕ МЕСТА ВО ГРАДОТ (БУЛЕВАРИ, КРСТОСНИЦИ, ВЛЕЗ ВО УЧИЛИШТА)

Системите за следење на сообраќајот се нормална работа во Европските земји. Следејќи го тој чекор со времето, се задолжуваме да ги имплементираме овие системи и во нашиот град, со што ќе го подобриме квалитетот на живот на граѓаните.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2024 година.

## НАМАЛУВАЊЕ, ОГРАНИЧУВАЊЕ И САНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА БРЕГАЛНИЦА ОД ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Ќе го зајакнеме инспекцискиот надзор, а во соработка со националните тела и институции за заштита на животната средина ќе го подобриме и законскиот систем за санкционирање на загадувачите и добивање на еколошки дозволи.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** континуирано.

## БЕСПЛАТНО ОДЛАГАЊЕ НА ГРАДЕЖЕН ОТПАД ОД СТРАНА НА ЈП ИСАР, СО ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

ЈП Исар ќе создаде услови бесплатно да врши услуги на граѓаните при исфрлање на градежен шут од мал обем, при што ќе помогне да се намали бројот на диви депонии во Штип, а ќе се јакне соработката и довербата меѓу претпријатието и граѓаните.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ КАЈ ГОЛЕМИТЕ МАРКЕТИ

Лошата слика со преполни контејнери и отпад околу нив на која се навикнати децата и возрасните од нашиот град, дојде време да се промени. На најфреквентните локации, каде што секојдневно сведочиме на општата некултура и лошиот менаџмент на ЈП Исар, ќе направиме подземни контејнери и ќе ја промениме општата перцепција за овие локации.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ЕДУКАЦИЈА ЗА ДЕЦАТА ОД ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ И УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

За правилно управување и селекција на отпадот, се предвидува едукација на децата од детските градинки и учениците од основните училишта. Тоа е еден од начините како нашата општина да ја направиме чиста и безбедна за нас и за идните генерации.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** континуирано.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛА ВО ГРАДОТ И ПРИГРАДСКИТЕ НАСЕЛБИ

Во наредниот 4 годишен период ќе посветиме исклучително внимание на создавање на нови и унапредување на постоечките услови во сите паркови низ градот. Граѓаните на Штип ќе добијат зелени површини каде ќе ги поминуваат најубавите моменти со своите блиски.

Ќе уредиме паркови и зелени површини во населба Караорман, Ново Село, Три Чешми, Балканска, Деснаци, Автокоманда, Македонка, Пребег, Чардаклија, Железничка, Промаја, во близина на СОУ „Јане Сандански“, меѓу зградите во „8 Ноември“, на улиците „Сремски Фронт“, „Ванчо Китанов“, „Џемал Бједиќ“, ќе уредиме простор на улиците „11 Конгрес“, ул. „Лески“ и ул. „Крушевска Република“, околу Безистенот, кај Државен архив, позади интернат „Браќа Миладиновци“, хортикултурно ќе го уредиме делот околу црква Св Илија, со поставување на урбана опрема, на ул. „Тодор Чучков“, околу Градски пазар, со огромно задоволство ќе обезбедиме парк за миленичиња во нас. Сењак, хортикултурно ќе го уредиме патот до спомениците покрај Дом на Млади со поставување на канделабри и клупи, а ќе ги подобриме условите и во Паркот на фармацијата.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ПОШУМУВАЊЕ НА ОКОЛНИТЕ РИДОВИ СО СООДВЕТНА ВЕГЕТАЦИЈА

Пожарите кои ни се случуваат секоја година, нè поучија дека треба да бидеме поодговорни кон нашите шуми, но и да развиеме стратешки пристап кон околната вегетација. Општина Штип, во соработка со јавните претпријатија и Македонски шуми, но и со училиштата ќе работи интензивно на збогатување на локалниот шумски фонд.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, ЈП Македонски Шуми;

**Рок на реализација:** континуирано.

## ПРОМЕНА НА ЗАСТАРЕНА ВОДОВОДНА МРЕЖА

Постојаните дефекти на водоводната мрежа и континуираниот недостаток на вода во домаќинствата, нè обврзува како локална самоуправа да дадеме приоритет на ова прашање и етапно да го решаваме во населбите: Железничка, Баби, Три Чешми, Исар, Дузлак,

Радански пат, на улиците: „Широк Дол“, „11 Октомври“, „Иво Лола Рибар“, „Васил Доганџиски“, „Борко Талев“,„ Глигор Прличев“,„ 4 Јули“,„ Ванчо Китанов“, „Сајбие Демир“ од ул.„ Христијан Карпош“ до ул. „Трст“, индустриска зона на ул. „Партизанска“, како и секаде каде што има потреба од тоа. Во Караорман, ќе обезбедиме резервоар за вода за пиење и стабилно водоснабдување во Каваклија, Дузлачки рид, Суитлак и на други места.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА

Ќе ги реконструираме дотраените канализациони линии на улиците: „11 Октомври“, „Широк Дол“, „Михајло Пупин“и дел од „ул. Лески“, „Васил Доганџиски“, „Борко Талев“, „Цветан Димов“, „Глигор Прличев“, „4 Јули“, „9 Мај“, „Ванчо Китанов“и „Сајбие Демир“, „Исар“, и на сите други места каде што е потребно.

Ќе изградиме нова канализациона мрежа во: Мерите, Каваклија, Железничка, индустриска зона на ул. „Партизанска“, улицата „Влатко Петров“.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ЗАШТЕДА НА ЗАГУБИТЕ НА ПИВКА ВОДА

Јавното претпријатие ќе инсталира современ систем (СКАДА СИСТЕМ) со цел квалитетно водоснабдување за минимизирање на загубите и дефектите во водоводната мрежа.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ОБНОВЕНА И ФУНКЦИОНАЛНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Итното обновување на атмосферска канализација ќе спречи поплави и излевања на каналите при секое невреме. Затоа ќе обезбедиме функционална атмосферска канализација во Автокоманда, а и покривање на отворените канали на улиците:„ Борко Талев“, „Солидарност“, бул. ЈНА, „Васил Доганџиски“ и на други места каде што е потребно.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2025 година.

### ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛИНИЈА 2

Изградбата на главна водоводна линија “Линија 2” со резервоар “ Мерите” во Општина Штип е проект кој е од клучно значење за граѓаните и индустриските капацитети во нашиот град и со истиот ќе се овозможи стабилно восдонабдување во критичните места.

**Начин на финансирање:** Во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## 7.2. ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

### ГАСИФИКАЦИЈАТА КАКО РЕАЛНОСТ НА ШТИП

Изградба на секундарна гасоводна мрежа до индустриските капацитети, ТИР зоната и останати компании кои имаат интерес од тоа, како и достапност на гасот во ново изградените населби.
**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2025 година.

### НАВРЕМЕНА И АЖУРНА ПРОМЕНА НА УЛИЧНИ СВЕТИЛКИ И НОВ УЛИЧЕН СИСТЕМ ЗА ОСВЕТЛУВАЊЕ

Граѓаните ќе добијат функционален систем за ефикасно улично осветлување на секоја улица во нашиот град.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** континуирано.

### ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ ВО СИТЕ ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ

Преку вградување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија од сонце, со обем 200 kW, сместени на кровната конструкција, образовните институции ќе ги намалат трошоците за електрична енергија.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, меѓународни донатори;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА УРБАНА ОПРЕМА

На фреквентни локации ќе се постави енергетски ефикасна урбана опрема со соларни панели, за полнење на електрични велосипеди и тротинети, мобилни телефони, таблети и лаптопи

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2024 година.



# 8. КУЛТУРАТА КАКО ПРОЗОРЕЦ ЗА НОВИ ВИДИЦИ

Културата во нашиот град има фундаментална димензија, кое како локална власт нѐ обврзува да управуваме со неа, со цел заштита на културните добра и креирање на јавни политики насочени кон сите генерации. Исто така, ни дава одлична можност да ја искористиме предноста на карактеристичните капацитети со кои располагаме и истите да ги насочиме кон економски, социјален и културен напредок на градот. Во нашата програма во различни области од истата, предвидуваме низа активности, проекти и мерки кои се насочени кон искористување на културното наследство во градот, како бенефит и насочување на неговиот потенцијал кон подобрување на благосостојбата на жителите.

## АДАПТИРАЊЕ НА ПРОСТОР ВО НАС. СЕЊАК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ

Сите граѓани на Штип заслужуваат културна, забавна и социјална интеракција, која ќе ја овозможиме преку дисперзирање на настаните. Во наслебата Сењак ќе уредиме простор, каде секој граѓанин ќе може да проследи содржини кои се во неговата сфера на интерес.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ТВРДИНАТА ИСАР

Тврдината Исар, како еден од заштитните знаци на градот Штип, ќе го добие заслужениот изглед.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2024 година.

## МАКФЕСТ СО ЕВРОПСКИ ИЗГЛЕД И ЗАСЛУЖЕНО ВНИМАНИЕ ОД ПОШИРОКАТА ЈАВНОСТ

Не смееме да дозволиме, фестивал од рангот на Макфест да тоне, или да не се развива надвор од досегашните рамки. Затоа, напорно ќе работиме на одржување на старите и воспоставување на нови контакти, со кои ќе му дадеме европски изглед, со локален шмек.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ТАБЛИ СО ИСТОРИСКИ ФАКТИ НА СЕКОЈ ПОЗНАЧАЕН ОБЈЕКТ ИЛИ ЛОКАЛИТЕТ ВО ОПШТИНАТА

За да го развиваме туризмот, а и интересот на нашите граѓани за важноста на историските локалитети, потребно е историските и значајни локации во нашата општина да бидат обележани со табли, на кои ќе има информации за нивното значење.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 9. СПОРТОТ ДИКТИРА НОВ НАЧИН НА ЖИВОТ ВО ШТИП

Штип е спортски град, кој дал и сè уште дава многу поединци и спортски клубови, кои што го афирмираат Штип, како на домашно така и на меѓународно ниво. Спортот ќе го подржуваме од градинките, основните и средни училишта, односно нашата цел е да ги поттикнеме граѓаните да спортуваат во текот на целиот живот. Ќе создадеме спорт со посебен акцент и поддршка на сите видови спортови: поединечен и колективен спорт, рекреативен и масовен спорт - преку создавање услови односно изградба на патеки за пешачење, трчање, велосипедизам, ролери, отворени фитнес зони, скејт парк, планинарскиот спорт, ќе создадеме услови за патеки за пешачење, зимски пешачки патеки, трчање, велосипеди, off road велосипедска патека, но со голем интерес кон репрезентативниот, односно врвен и професионален спорт со крајна цел исполнување на олимписки норми за учество на летни олимписки игри.

Нашата програма предвидува активна заложба кон организација на турнири во сите спортски категории, развојни политики за психо-физички развој на децата и младите, како и унапредување на спортските инфраструктурни содржини во нашата општина.

## 9.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

### ➤ ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДСКАТА ПАТЕКА ПОКРАЈ Р. БРЕГАЛНИЦА ДО КАРАОРМАН И ЧАРДАКЛИЈА

Пешачката и велосипедската патека во Штип го променија начинот на живот на штипјани. Тоа создава потреба да се работи на унапредување на постоечката патека, и нејзино продолжување до Караорман и Чардаклија.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДСКА И ПЕШАЧКА ПАТЕКА ДО ТРИ ЧЕШМИ

Ќе овозможиме жителите на нас. Три Чешми да се поврзат со градот и со велосипедска патека, преку која ќе ја унапредиме врската со оваа приградска населба, а велосипедистите безбедно ќе го поминуваат најопасниот дел во нивните рути.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА НОВА МИНИ СПОРТСКА САЛА ЗА БОРЕЧКИ СПОРТОВИ, КАРАТЕ, БОКС, КИК БОКС, ЏИУ ЏИЦУ, ЏУДО, КОРЕКТИВНА ГИМНАСТИКА И ТЕРЕТАНА

Индивидуалните спортови заслужуваат посериозен пристап, доколку успешните спортисти сакаме да ги наградиме, а младите таленти да ги мотивираме. Затоа, во склоп на ООУ „Тошо Арсов" ќе изградиме нова спортска сала за боречки спортови, карате, бокс, кик бокс, џиу џицу, џудо, корективна гимнастика и теретана, каде сите овие спортисти ќе добијат место за развој на нивните вештини и соодветни услови за спорт и рекреација.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ВЕШТАЧКА КАРПА ПОКРАЈ Р. БРЕГАЛНИЦА

За унапредување на моториката и правилниот развој на сите граѓани на нашата општина, ќе обезбедиме услови за изградба на вештачка карпа покрај р. Брегалница, која ќе може да се користи за спортски и рекреативни цели. Така Штип ќе се најде на картата на општини кои поседуваат ваква карпа и ќе овозможи организација на натпревари во нашиот град.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ИЗГРАДБА НА АТЛЕТСКИ СТАДИОН

Нашиот град има потреба од атлетски стадион, на кој спортистите и рекреативците ќе имаат можност да ги тренираат најпопуларните олимписки дисциплини. Во склоп на ООУ „Тошо Арсов" ќе направиме стадион, кој ќе можат да го користат сите граѓани.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ИГРАЛИШТЕ ЗА ОДБОЈКА НА ПЕСОК

Ќе овозможиме популаризација на овој летен спорт и ќе им обезбедиме место на младите каде ќе можат да спортуваат и да организираат турнири.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ИЗГРАДБА НА СКЕЈТ ПАРК

Урбан Штип ќе добие скејт парк покрај р. Брегалница, каде младите ќе имаат можност да уживаат во скејтањето, да организираат натпревари и да се рекреираат во текот на целата година.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА АДРЕНАЛИНСКИ ПАРК

Ќе создадеме место, каде сите граѓани, туристи и гости во нашиот град, преку адреналински активности и спортови ќе можат да се забавуваат на поинаков начин.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА КАРТИНГ ЦЕНТАР

Во соработка со бизнис секторот ќе изградиме картинг центар, кој ќе изобилува со забавни и интересни содржини за уживателите на брзо возење.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Бизнис сектор.

## ИЗГРАДБА НА БАЛОН САЛА

Рекреативните спортови ќе се поддржат преку изградба на балон сала, која ќе биде достапна за сите уживатели на спортот.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Бизнис сектор;

**Рок на реализација:** 2025 година.

### ОДРЖУВАЊЕ НА ИЗГРАДЕНАТА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Во соработка со јавните претпријатија, ќе формираме работни групи, чија единствена задача ќе биде одржување на постоечките спортски содржини на територијата на нашата општина.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** континуирано.

### ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА

Во: Караорман, Ново Село, Пребег, Три Чешми, Деснаци, Дузлак, Автокоманда, Сењак, Баби, Македонка, 8ми Ноември, Дузлачки рид, Железничка, Стар Конак, на улиците „Личка“, „Пиринска“, во село Драгоево, но и во сите населби каде што е потребно, ќе изградиме или ќе ги реконструираме постоечките спортски или мултифункционални игралишта, за секој граѓанин да има еднакви можности при практикување на спортските активности и да се обезбедат услови за организација на маалски турнири.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2025 година.

### АДАПТАЦИЈА НА ПРОСТОР ЗА СОЗДАВАЊЕ НА МУЗЕЈ НА СПОРТОТ

Во координација со сите успешни спортисти во нашиот град, ќе адаптираме простор во Мултимедијалниот центар, каде ќе бидат изложени лични предмети, фотографии и дресови на нашите спортски амбасадори.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## 9.2. ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

### ФОНД ЗА СПОРТСКИ КЛУБОВИ

Спортските клубови ќе добијат повисок фонд од општината, при што ќе имаат можност да аплицираат во Општина Штип, за основно функционирање на веќе постоечките спортски клубови и на-

времена, редовна и неслективна исплата на годишните котизации.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** континуирано.

### ПОДДРШКА И СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПЛИВАЧКИ ШКОЛИ

За социјално ранливите категории на деца, ќе обезбедиме услови за непречена посета на пливачките школи и искористување на капацитетите на базенот.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** континуирано.

### РЕАЛИЗИРАЊЕ НА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ И НАСТАНИ КАДЕ ШТО ЌЕ БИДАТ ВКЛУЧЕНИ СИТЕ ГРАЃАНИ

Ќе работиме на намалување на позитивната дискриминација и инклузивност на сите категории на граѓани во интерес на заедничко социјално делување на локално ниво.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** континуирано.





# 10. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Општество во кое вреди да се живее, своите основни вредности ги базира на социјалната и здравствената политика, при што обезбедува еднаквост на можностите, солидарност и учество. Долгорочните инвестиции во социјалните и здравствените политики во општеството промовираат одржлив развој и економски раст. Образовните, здравствените и системите за социјална заштита им овозможуваат на луѓето можност да се развиваат од сопствените ресурси и да живеат самостојно.

Следејќи ги овие основни принципи за задоволување на правата на граѓаните, ќе создадеме еднакви услови за задоволување на потребите на секој жител на Општина Штип.

## ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ ВО ТЕРЕТАНИ ЗА МЛАДИ СО ЗГОЛЕМЕНА ТЕЛЕСНА ТЕЖИНА

Ќе обезбедиме средства за поздрав живот на младите со зголемена тежина и ќе ја зајакнеме самодовербата и здравствената состојба на сите млади кои имаат потреба од тоа.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** континуирано.

### СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ЗА НАБАВКА НА ВЕЛОСИПЕДИ

Граѓаните ќе имаат можност да набават велосипеди, со помош и поддршка од страна на Општина Штип, со цел да се намали загадувањето во централното градско подрачје, да се поддржи здравиот и спортски начин на живеење и позитивно да се влијае врз економската состојба на граѓаните.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** континуирано.

## ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ КАЈ ЛИЦА И ИНСТИТУЦИИ КОИ ЌЕ СЕ ГРИЖАТ ЗА СОСТОЈБАТА И ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЖИВОТ КАЈ СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА

Во соработка со Црвен крст, ќе обучиме лица за грижа на најстарите наши сограѓани и на тој начин ќе им обезбедиме достоинствена старост и полесен живот.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Црвен крст;

**Рок на реализација:** континуирано.

## ОТВАРАЊЕ НА КЛУБОВИ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Потребите на лицата во последната доба од животот ќе ги задоволиме преку отворање на клуб на пензионери во населбите каде покажале интерес и потреба од истото.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Здружение на пензионери;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ФОРМИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛЕН ПУНКТ ЗА ВРЕМЕНО ЗГРИЖУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ КОЈ ЌЕ ПОНУДИ ХРАНА, СМЕСТУВАЊЕ, ОБЛЕКА И СЛ.

Наместо оваа дејност да ја вршат неформални организации и волонтерски иницијативи, како Локална самоуправа ќе овозможиме создавање на социјален пункт, каде лицата во социјален ризик ќе можат да се обратат во било кое време и да ја добијат потребната помош и поддршка.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Црвен крст;

**Рок на реализација: Рок на реализација:** 2023 година.

# 11. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

## PART TIME ПРАКТИКА

На средношколците ќе им биде овозможена неколкучасовна работа неделно во локалните компании и институции, при што ќе имаат одреден паричен надоместок за тој ангажман. Така компаниите ќе добијат потенцијален кадар, а учениците ќе бидат продуктивни и ќе научат нови вештини.

**Начин на финансирање:** Бизнис сектор;

**Рок на реализација:** континуирано.

## ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЕМИР ЌУЧУК СУЛТАНОВИОТ МОСТ ПОЗНАТ КАКО КАМЕН МОСТ, ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА, ТВРДИНАТА ИСАР, СААТ КУЛАТА И ДР.

Во соработка со Музејот и Управата за заштита на културното наследство, ќе го унапредиме изгледот и состојбата на културното наследство во Штип.

**Начин на финансирање:** Во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТ ЗА СПОРТСКО КАЧУВАЊЕ

Во соработка со клубот за спортско качување, ќе обезбедиме софистицирани услови за развој и напредок на овој спорт, кој во последно време станува се‘ пополуларен.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА СПОМЕНИК НА ДОНЧО ШТИПЈАНЧЕТО

На соодветна локација, ќе биде поставен споменик на Дончо Штипјанчето, како симбол за непокорноста, лојалноста и издржливоста на штипјаните и сите граѓани на нашата татковина.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, донатори;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ФОНДОТ ЗА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ

Проектите во Општина Штип ќе се реализираат во соработка со Здруженијата на граѓани и заеднички ќе влијаат позитивно на социјалниот и економски развој на сите категории на граѓани.

**Начин на финансирање:**: Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** континуирано.

## УРЕДУВАЊЕ НА ВИКЕНД НАСЕЛБА ПЛУЖДИНО

Во договор и соработка на граѓаните, ќе обезбедиме пристојни услови во популарната викенд населба Плуждино, преку асфалтирање, водовод и канализација.

**Начин на финансирање:** Во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## СТУДЕНТСКИ ГРАД ВО ШТИП

Во соработка со Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и Владата, ќе направиме напори за создавање на студенстки град, за најактуелниот универзитетски центар во Македонија.

**Начин на финансирање:** Во соработка со централната власт;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ОТПИС НА ДОЛГОВИ ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ГРАЃАНИ

Ковид пандемијата предизвика тектонски промени во финансиската стабилност кај многу семејства во нашиот град. Затоа, како социјално будна партија, предвидуваме отпис на долговите кон ЈП Исар, за семејствата чии месечни доходи не надминуваат просечна нето плата.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ЈАВЕН ПРЕВОЗ ЗА ПЕРИФЕРНИТЕ НАСЕЛБИ

Општината ќе обезбеди услови секој жител да има еднаков пристап до јавните институции и објекти, преку достапен јавен превоз од периферните населби.

**Начин на финансирање:** Буџет на општина;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## УРЕДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА МАЛО ПАЗАРЧЕ

Во населбите Баби и Сењак, но и на други локации каде што има потреба, ќе обезбедиме услови за мали пазарчиња, каде граѓаните ќе си ги задоволат основните потреби.

**Начин на финансирање:** Буџет на општина;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА, КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ФАСАДИ ВО ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ И НОВО СЕЛО, СО КУЛТУРНО ИСТОРИСКА ВРЕДНОСТ

Во соработка со сопствениците на објектите, Музејот и Управата за заштита на културното наследство, ќе извршиме обновување и реконструкција на фасадите, така нашиот град ќе добие вистински изглед на историска престолнина од која потекнуваат најголемите промени во државата.

**Начин на финансирање:** Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## УРЕДУВАЊЕ НА НОВОСЕЛСКИ КУЌИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП

Ќе овозможиме куќите во Ново Село да добијат изглед каков што од секогаш заслужуваат.

**Начин на финансирање:** Меѓународни фондови;

**Рок на реализација:** 2025 година.

## ПРЕАДАПТАЦИЈА НА УЧИЛИШНА ПРОСТОРИЈА ЗА ГРАДИНКА ВО ТРИ ЧЕШМИ

Ќе го реализираме сонот на сите жители во населбата Три Чешми и за децата до 6 години ќе обезбедиме згрижување и воспитување за предучилишна возраст.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ПРИВАТНИ БОЛНИЦИ ЗА ИНВЕСТИЦИЈА ВО ШТИП

Во соработка со бизнис секторот, ќе разгледаме локации и ќе создадеме услови за развој на медицински туризам во Општина Штип. Користејќи ја лековитата моќ на водата од Кежовица, ќе овозможиме изградба на болници, кои ќе го искористуваат при-

родниот ресурс во име на здравјето на посетителите и граѓаните.

**Начин на финансирање:** Бизнис сектор;

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ИЗРАБОТКА НА ПОДЗЕМЕН КАТАСТАР

Со напорна и сериозна работа, ќе направиме подземен катастар, преку кој во иднина и долгорочно ќе помагаме за развој на нашиот град.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Штип, соработка со локални и централни институции;

**Рок на реализација:** 2025 година.

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk